**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Посебни услови за осигурување од професионална одговорност на даночни советници

УС-опо-одс
18-8-мк

## член 1: воведни одредби

[1] Договорите за осигурување од професионална одговорност на даночни советници се склучуваат согласно важечките Општи услови за осигурување од професионална одговорност и одредбите на овие Посебни услови.

[2] Доколку некои од одредбите на Општите услови за осигурување од професионална одговорност се спротивни на одредбите на овие Услови, ќе се применуваат одредбите утврдени во овие Посебни услови.

## член 2: предмет на осигурување

[1] Со осигурувањето од професионална одговорност на даночни советници е покриена одговорноста на даночните советници за штети настанати поради стручни грешки при извршување на регистрирана дејност на даночниот советник и лицата вработени кај него.

[2] Осигурувачот гарантира со ист опсег и за чиста имотна штета која против даночните советници ја побарува трето лице.

## член 3: неосигурени опасности

[1] Покрај исклучоците кои се предвидени со Општите услови за осигурување од професионална одговорност, осигурувачот не ги покрива оштетните побарувања за штета која:

1) настанала во врска со плаќање на надомест;
2) настанала врз основа на незадолжително советување на осигуреникот;
3) настанала како последица од злоупотреба на доверливи информации за странката од страна на осигуреникот и лица вработени кај него;
4) ја предизвикало трето лице на кое осигуреникот му овозможил да извршува дејност врз основа на својата дозвола за извршување дејност (давање печат за употреба на трето лица и сл.);
5) настанала поради посредување или советување во финансиски, земјишни или други економски работи, без разлика на тоа дали тоа се извршува за паричен надомест или бесплатно.

## член 4: обврски на осигурувачот

[1] Ако не е поинаку одредено, осигурувачот исплаќа заедничка оштета од сите осигурени случаи во една година кои изнесуваат најмногу двојно од договорената сума на осигурување.

[2] Во случај на исплата на двојна осигурена сума, осигурителното покритие може да се продолжи само ако е посебно договорено. Во тој случај премијата се одредува посебно.

## член 5: право на регрес

[1] Осигурувачот го задржува правото на регрес од осигуреникот во случај кога дополнително ќе се утврди дека штетата е предизвикана со намера, измама или грубо невнимание, а за неа на осигурувачот од страна на осигуреникот не му се презентирани точни и вистинити податоци, односно докази за надомест на штета.